**Република Северна Македонија**
**Основен суд Струга**
**Су -07 бр. 10/22**
**28.01.2022 година**
**Струга**

Судски администратор на Основниот суд Струга, Ристо Настоски, врз основа на член 43 од Законот за судска служба ( Сл. весник број 43/14 од 04.03.2018 година , бр. 198/18 од 31.10.2018 година) врз основа на објавен интерен оглас бр 1/2021 на Основниот суд Струга, а по спроведената постапка за унапредување на судски службеник во звање Виш судски соработник, работно место означено во огласот под број 2-(два) и тоа Виш судски соработник, Категорија В, ниво В2, еден извршител, на ден 28.01.2022 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
***- За избор на судски службеник-***

Судскиот администратор на Основниот суд Струга, врз основа на Предлог одлуката на Комисијата за селекција за унапредување на судски службеник, Су-04 бр.47/21 – 14 од 25.01.2022 година и Конечната ранг листа Су-04 бр.47/21 - 12 од 25.01.2022 година, доставени од страна на Комисијата за селекција за унапредување на судски службеник во Основниот суд Струга, за работно место Виш судски соработник, звање Виш судски соработник, Категорија В, ниво В2, еден извршител, **ГО ИЗБИРА** кандидатот

**СОЊА ЦЕЛАКОСКА**

По конечноста на оваа одлука за избраниот кандидат ќе биде донесено Решение за унапредување од звање Судски соработник, работно место: Судски соработник, категорија В, ниво В3, во звање Виш судски соработник, работно место: Виш судски соработник, Категорија В, ниво В2, шифра СУД0101В02001, и Решение за утврдување на плата.

**О б р а з л о ж е н и е**

Основниот суд Струга, на Веб страната на Основниот суд Струга, објави Интерен Оглас за унапредување на судски службеник, со звање Виш судски соработник, работно место: Виш судски соработник, Категорија В, ниво В2, под број 1/2021 од 13.12.2021 година.

Од страна на Комисијата за селекција за унапредување на судски службеник, до Судскиот администратор на Основниот суд Струга, после спроведувањето на постапката за вработување, согласно член 42 ст. 6 од Законот за судска служба, беше доставена Конечната ранг листа Су-04 бр.47/21 - 12 од 25.01.2022 година од постапката за вработување и Предлог одлуката на Комисијата за селекција за унапредување на судски службеник, Су-04 бр.47/21 – 14 од 25.01.2022 година, за работното место Виш судски соработник, Категорија В, ниво В2, еден извршител.

Врз основа на конечната ранг листа по Интерниот оглас, кандидатот Слободанка Аџиоски освоила 32,02 бода, кандидатот Соња Целакоска освоила 30,35 бода и кандидатот Зикрије Алими Лена освоила 30,33 бода.

Со предлогот, Комисијата, на Судскиот администратор, согласно член 42 ст.6, му го предложи второрангираниот кандидат за работното место Виш судски соработник, Категорија В, ниво В2, еден извршител, и тоа кандидатот Соња Целакоска. Имено, прворангираниот кандидатот Слободанка Аџиоски како прворангиран и за работно место Судски советник, Категорија В, ниво В1 (означено во интерниот оглас под број 1) е предлог за избор од страна за комисијата за унапредување во работно место и звање Судски советник и истата е избрана на тоа работно место со одлука на Судскиот администратор СУ-07.бр.9/22 од 27.01.2022 година. На овој начин кандидатот Соња Целакоска од второрангиран, станува прворангиран кандидат по однос на работното место Виш судски соработник.

Судскиот администратор, имајќи ги во предвид Конечната ранг листа и Предлог одлуката доставени од Комисијата за селекција за унапредување на судски службеник при Основниот суд Струга, а постапувајќи согласно чл. 43 од Законот за судска служба го изврши следниот избор:

**За работното место** Виш судски соработник, Категорија В, ниво В2, еден извршител **во Основниот суд Струга, го избира кандидатот Соња Целакоска.**

При изборот на кандидатот Судскиот администратор ја имаше предвид Конечната листа и предлогот од Комисијата за унапредување на судски службеник, врз основа на што ја донесе оваа одлука.

Од Основниот суд Струга, на ден 28.01.2022 година.

**Судски администратор,**
**Ристо Настоски**

**Поука:** Незадоволниот кандидат има право на жалба, преку Основниот суд Струга до Советот на судска служба, во рок од 8 дена од денот на приемот на писмено известување со прилог одлука за избор.

**Д-на:** Кандидатите, огласна табла и веб страницата на судот.